

Во периодот од 2007 до 2009 година МЦМС со финансиска поддршка од Сокотаб од Швајцарија и неговите партнери успешно реализираше проекти за реновирање на 6 рурални основни училишта, од претходно селектирани општини каде што претежно се одгледува ориентален тутун.

**Општа цел** на проектот е подобрени услови за учење и работа за учениците и персоналот во основните училишта.

**Цел на проектот** е условите во основните училишта се доведени во прифатливи стандарди во согласност со големината и потребите на училиштето.

**Очекувани резултати** од проектот се:

- реализирана целосна реконструкција на просториите од првото ниво на училишната зграда;
- реконструиран училишен објект (внатрешни ѕидови, плафон, под, електрика и греење); и
- набавени нагледни средства и книги за библиотека.

**Активности** преку кои ќе се постигнат овие резултати се:

1. Изработка на техничка документација и нејзина ревизија;
2. Подготовка и спроведување на тендери за избор на изведувачи или набавувачи на опрема;
3. Изготвување на целокупната документација за поддршка и финансирање на проектите;
4. Избор на стручен надзор;
5. Координација и соработка со сите вклучени актери;
6. Набљудување и мониторинг;
7. Известување (тековно и завршно) и оценување.

**Целна група** на проектот се ученици и вработени во основно училиште. Директни корисници се 837 ученици и 96 вработени од четири основни училишта. Целното подрачје на проектот е рурално, односно проектот ќе се спроведе во селата: Кукуречани ( општина Битола ), Ангелци ( општина Василево ). Покрај нив ќе се организира мала набавка на нагледни средства и книги за библиотека во с.Црнилиште ( општина Долнени ) и с.Конче ( општина Конче ).

Активноста ќе ја спроведе тим од вработените во МЦМС заедно со вклучени претставници од општините, основните училишта, како и потребните надворешни актери (надзор, изведувач, стручни соработници и сл.).

Временскиот период на спроведување на проектот е 04 јуни – 30 ноември 2010 г.

Буџетот изнесува 5.246.255 МКД. Средствата се донација од Сокотаб и неговите партнери.

**Завршен извештај од проектот.**